Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К
## *ОД 69 –ТАТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА*

## *ОДРЖАНА НА 12 МАРТ 2014 ГОДИНА*

**ЗАПИСНИК**
**од шеесет и деветтата седница на Државната изборна комисија**

Шеесет и деветтата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 12 март 2014 година ( среда ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 12:00 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М-р Субхи Јакупи -** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

На Седницата не присуствуваше Генерален секретар на Државната изборна комисија, Биљана Стојановска од оправдани причини

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

**1.Разгледување и усвојување на Записникот од 68 – та Седница на ДИК одржана на 11.03.2014 година;**
**2.Предлог Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план,бр.02-394/1 од 14.02.2014 година, за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на ДИК по програма 21 – Изборни активности;**
**3.Предлог Годишен план за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по Програма 21 – Изборни активности;**
**4.Предлог Одлука за утврдување на потреба од јавна набавка на услуги за објавување на јавен повик за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 27 април 2014 година, во странски весници;**
**5.Предлог Заклучок за спроведување на задолжителна едукација на изборните органи;**
**6.Разгледување на барањата за разрешување на претседател, членови и нивни заменици од Општинските изборни комисии;**
**7.Разно.**

Се отвори расправа по дневниот ред.

Никој не побара збор и дневниот ред е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на дневниот ред за 69 – тата Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Разгледување и усвојување на Записникот од 68 – та Седница на ДИК одржана на 11.03.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори расправа по Записникот од 68 –та Седница на ДИК. Никој не се јави за збор и Записникот е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Записникот од 68 – тата Седница на ДИК одржана на 11.03.2014 година.**

**Точка 2:**
**Предлог Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план,бр.02-394/1 од 14.02.2014 година, за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на ДИК по програма 21 – Изборни активности;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски му даде збор на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи предложи да се спојат точките 2 , 3 и 4 од дневниот ред во една расправа затоа што сите точки се однесуваат на финансискиот дел на работењето, а ќе се гласа за секоја точка поодделно.

**Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да има заедничка расправа по Точка 2:Предлог Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план,бр.02-394/1 од 14.02.2014 година, за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на ДИК по програма 21 – Изборни активности; Точка 3:Предлог Годишен план за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по Програма 21 – Изборни активности и Точка 4:Предлог Одлука за утврдување на потреба од јавна набавка на услуги за објавување на јавен повик за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 27 април 2014 година, во странски весници, поради тоа што се блиски по содржина, а за секоја од точките поодделно ќе се гласа, го стави на гласање.**

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " заедничка расправа по точките 2, 3 и 4 а гласањето ќе биде посебно за секоја точка.**

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој кажа дека ДИК има нов настан од како се распишани Парламентарните избори, а ДИК беше во процес на изборни активности за Претседателските избори 2014 година. ДИК имаше усвоено Годишен план за вкупните потреби од јавни набавки во 2014 година по Програма 21-Изборни активности за Претседателските избори. ДИК на вчерашната Седница донесе Заклучок за спојување на постапките за доделување на договори за јавни набавки за Претседателските избори 2014 година со постапките за доделување на договори за јавни набавки за Парламентарните избори 2014 година. ДИК направи финансиска пресметка и побара 158 милиони денари да ни се доделат од резервите на Буџетот на Република Македонија за Парламентарните избори и имаме најава дека овие средства ќе ни бидат одобрени. Околу 8 милиони евра се потребни средства за спроведување на двата избора. Во Одлуката за изменување и дополнување на Годишниот план бр.02-394/1 од 14.02.2014 година во членот 2 стои дека се работи за јавни набавки за изборни активности за Претседателски и за Парламентарни избори, а во членот 4 посебно

се истакнува за кои јавни набавки се работи и само е направено дополнување. Смета дека се Одлуките добри и дека треба да се донесат.

Никој друг не се јави за дискусија. Се затвори расправата по точките 2 , 3 и 4.

Прво се гласаше по толката 2 од дневниот ред за Предлог Одлуката за изменување и дополнување на Годишниот план,бр.02-394/1 од 14.02.2014 година, за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на ДИК по програма 21 – Изборни активности.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Одлуката за изменување и дополнување на Годишниот план,бр.02-394/1 од 14.02.2014 година, за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на ДИК по програма 21 – Изборни активности. Одлуката е составен дел на овој Записник.**

Ставен е на гласање, по точката 3 - Предлог Годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по Програма 21 – Изборни активности.

Пред да се гласа по оваа точка Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи даде предлог да се дополни насловот со зборовите " изменување и дополнување на Годишниот план ...." затоа што веќе имавме усвоен Годишен план за јавни набавки 2014 година.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по Програма 21 – Изборни активности со Предлогот да се додадат во насловот зборовите " Изменување и дополнување ".**

Ставена е на гласање, по точката 4 - Предлог Одлуката за утврдување на потреба од јавна набавка на услуги за објавување на јавен повик за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 27 април 2014 година, во странски весници.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Одлуката за утврдување на потреба од јавна набавка на услуги за објавување на јавен повик за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 27 април 2014 година, во странски весници. Одлуката е составен дел на овој Записник.**

**Точка 5:**

**Предлог Заклучок за спроведување на задолжителна едукација на изборните органи;**

За збор по оваа точка се јави Влатко Сајкоски, член на ДИК кој кажа дека е овој Заклучок потребен за да се утврди задолжителната едукација согласно Изборниот законик.Има предлог истите дејствија утврдени во Програмата за едукација за Претседателските избори да важат и во Предлог Програмата за Парламентарните избори. Во овој Заклучок би додал како точка 1 да биде " Програмата за задолжителна едукација на Изборните органи за Претседателските избори 2014 година донесена од ДИК бр._____ од ден _________ ќе важи и ќе се применува и за Предвремените Парламентарни избори 2014 година. " Потоа точката 1 ќе биде точка 2 , точката 2 ќе биде точка 3 и останатите точки како следат.Заклучокот ќе заврши со точка 7. Втората работилница за ОИК ќе се одржи на 26 март 2014 година, а ОИК ќе организираат едукација на ИО најдоцна до 7.04.2014 година. Работилница за ИО за ДКП, ДИК ќе ја спроведе на 2.04.2014 година. Овој Заклучок треба да се прифати.

Никој друг не се јави за збор и Предлог Заклучокот за спроведување на задолжителна едукација на изборните органи е ставен на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Заклучокот за спроведување на задолжителна едукација на изборните органи. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 6:**
**Разгледување на барањата за разрешување на претседател, членови и нивни заменици од Општинските изборни комисии;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека по оваа точка имаме Лоста на членови на ОИК кои бараат разрешување доставени до ДИК до 11.03.2014 година. Му даде збор на Бедредин Ибраими, Член на ДИК да даде образложение по оваа точка.

Бедредин Ибраими, Член на ДИК кажа дека до ДИК има доставено пет барања за разрешување. Прочитани се сите барања поединечно, разгледана е доставената документација и од приложеното само лицето Џељаљ Чајани, заменик Член на ОИК Шуто Оризари не се разрешува затоа што не ги исполнува законските услови да му биде прифатено барањето за разрешување. Џељаљ Чајани е државен службеник и прво треба да одговори на работата на ДИК а после на партиските работи. Со Шуто Оризари ДИК има голем проблем поради тоа што не можат да се најдат лица со завршено средно или високо образование. Предлага оваа листа без лицето Џељаљ Чајани да биде прифатена и да се спроведе случаен избор за 4 лица.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи праша на лицето Мери Јашаровска кои се здравствените причини за разрешување од Заменик Член на ОИК Шуто Оризари.

Бедредин Ибраими, Член на ДИК одговори дека е доставена лекарска документација со Решение од Фондот за здравство дека се работи за тешка бременост.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека по оваа точка треба да следи случаен избор на разрешените претседатели, членови и нивни заменици од Општинските изборни комисии но поради технички проблеми изборот ќе биде направен на наредната Седница на ДИК.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " прифаќање на барањата за разрешување на претседател, членови и нивни заменици од Општинските изборни комисии, за 4 лица а барањето за разрешување на лицето Џељаљ Чајани се одбива како незаконско.**

**Точка 7:**
**Разно.**

По точката "Разно" за збор се јавија;

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кој кажа дека работата на ДИК ја следи јавноста и новинарите и ДИК има поднесување на листи за кандидат за Претседател на Република Македонија. Прашува дали листите сега ќе се разгледаат или на Седницата на ДИК утре. Во Законот не е предвидено време но пишува дека ДИК треба да постапи по поднесените листи на кандидат за Претседател и ако утврди дека во листата има одделни неправилности ќе го повика подносителот да ги отстрани неправилностите во рок од 48 часа од приемот на листите.
- Виолета Дума, Член на ДИК, кажа дека во Роковникот 13.03.2014 година до 24:00 часот е последен рок за поднесување на листи на кандидат за Претседател на

Република Македонија до ДИК. По тој рок во рок од 24 часа мора да се одлучи а во рок од 48 часа може да се дополнат листите. Значи останува 13.03.2014 година до 24:00 часот како последен рок за поднесување на листи на кандидат за Претседател на Република Македонија и предлага ДИК после тој рок да одржи Седница.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека е 13.03.2014 година последен рок а ДИК треба за тие што доставиле кандидатура да пристапи кон решавање. Законот не кажува дека ДИК треба да чека и мисли дека за доставените кандидатури треба во рок од 24 часа да се пристапи кон решавање. ДИК треба да се обрати и до Комисијата за верификација на факти и уште 24 часа треба да се чека.Не се согласува со ова и смета дека кандидатите треба порано да го знаат исходот.
- Сашо Срцев, Член на ДИК кажа дека согласно членот 49 – а треба Избирачкиот список да се достави до политичките партии, а тоа е денес и ДИК денес на работен состанок се договори како ќе го достави Избирачкиот список до политичките партии.
- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека разгледувањето на поднесените листи на кандидати за Претседател на Република Македонија треба да биде како посебна точка, а на овaa Седница немаше таква точка. ДИК ќе закаже посебна Седница само со оваа точка.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека има пропратен материјал за утврдување на условите за кандидат за Претседател на Република Македонија и ова ќе се разгледа на работен состанок а потоа ДИК ќе закаже Седница.

Никој друг не се јави за збор. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори шеесет и деветтата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**69-тата седница на Државната изборна комисија заврши во 12:41 часот.**

**Број** 07-888/2
14.03.**2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**